ЗАПИСНИК

Од одржаната 30-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 13.06.2023 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата од вкупно 9 советници, присутни беа сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска–Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Горан Велјановски, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски, Љупчо Петровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни вработени во Општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Анета Киселоска – раководител, Оливера Димитровска - раководител, Николина Лозановска – советник.

Гости: Тони Бошевски – претседател на Кик бокс клуб ,,Самурај“, Пецо Трајчевски – претседател на ЗФК „Новаци 2005“- Новаци, Александар Стефановски – директор на ЈПКД „Комунална хигиена“- Новаци

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 29-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Ребаланс на Буџетот на Општина Новаци за 2023г. и донесување на Одлука;
3. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;
4. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско корисна работа 2023/24 год. за реализација на проектот „Ранливи категории 4“;
5. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финасиски средства за организирање на „Фестивалот на жетвата“ во 2023 година;
6. Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност на Преглед за формирање на чисти паралелки од I до IX одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци за учебната 2023/24 год.;
7. Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност на Преглед за формирање на комбинирани паралелки од I до V одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци за учебната 2023/24 год.;
8. Разгледување на Список на ученици од ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци кои користат превоз во учебната 2023/24 год.;
9. Разгледување на Барање за реализација на молеро - фарбарски работи, промена на под и промена на електрично светло во централното ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци и подрачните училишта;
10. Разгледување и усвојување на Решенија за ликвидно работење на ЈПКД „ Комунална Хигиена“ – Новаци;
11. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 год.;

12. Разгледување и давање на согласност на Правилник за основна плата и додатоците на плата на вработените во ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци;
13. Разгледување на Барање од ЈОУДГ „Бамби“ за финансиски средства за набавка на огревно дрво за грејна сезона 2023/24 г.;
14. Разгледување на Барање од КБК „Самурај “- Битола за финасиски средства за организирање на спортска манифестација „Промоција на кикбокс спортот и боречките вештини “;
15. Разгледување и донесување на Одлука за постапување по препораките на Фудбалската Федерација на Македонија за фудбалскиот стадион во с.Новаци;
16. Разгледување и донесување на Одлука за примање на донации од правни и физички лица за организирње на манифестацијата „Фестивал на жетвата - Новаци 2023 г.“;
17. Разгледување и донесување Одлука за примање на донација од Градежен институт Македонија, АД Скопје, за изработка на Основен проект за изградба на улица во состав на Индустриската зона Новаци;
18. Советнички прашања.

Пред гласање на Дневниот ред на 30-та седница на Советот на Општина Новаци, Градоначалникот Стевче Стевановски им предложи на советниците да се дополни Дневниот ред со 3 (три) точки кои поради својата итност, неодложно треба да се разгледуваат на оваа седница:

1. Разгледување на Барање од ЗФК „Новаци 2005“ – Новаци за финансиска помош за подмирување на трошоците поради влез во Втора македонска лига;

2. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учениците и нивните ментори од ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци и подрачните училишта во Општина Новаци и кои ќе освојат награди на државни и регионални натпревари;

3. Разгледување и донесување на Одлука за давање на користење на фудбалскиот стадион со објектите и спортската сала во с.Новаци, на Здружението фудбалски клуб ,,Новаци 2005“ од Новаци.

Претседателката Најдовска - Стојковска предложи и дополнување на 6 Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

1. Разгледување на Барање за финансиска помош од Анита Митревска од с. Рапеш;
2. Разгледување на Барање за финансиска помош од Томе Ѓорѓиевски од с. Гнеотино;
3. Разгледување на Барање за финансиска помош од Николче Кулевски од с.Живојно;
4. Разгледување на Барање за финансиска помош од Јошко Митревски од с.Новаци;
5. Разгледување на Барање за финансиска помош од Драгица Тодорческа од с. Добромири;
6. Разгледување на Барање за финансиска помош од Живко Стојановски од с. Гермијан.

Претседателката на Советот Славица Најдовска - Стојковска предложи прифаќање на измената и дополнувањето на Дневниот ред, така што првичниот Дневниот ред кој беше составен од 18 точки се дополнува со нови 9 (девет) точки.

На тој начин Дневниот ред на 30-та седница на Советот на Општина Новаци по претрпените измени и дополнувања е составен од 27 точки, со тоа што точката бр. 18 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 27.

Предлогот за изменетиот и дополнет Дневен ред на 30-та Седница на Советот на Општина Новаци беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **8 гласа за.**

1 точка: Разгледување и усвојување на Записникот од 29-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 29-та Седници беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2 точка: Разгледување и усвојување на Ребаланс на Буџетот на Општина Новаци за 2023г. и донесување на Одлука;;

По однос на втората точка, Оливера Димитровска - раководител на финансии пред советниците детално им ја објасна потребата од Ребаланс на Буџетот на Општина Новаци за 2023г. Во ребалансот меѓу другото е зголемена ставката на приходи поради прилив на нецелосно исплатените средства во 2022 г. по основ на концесии од искористени суровини. Исто така има и зголемување на ставката за плати поради исплата на плати на привремени вработувања како и поради зголемување на коефицентот за исплата на плата на Градоначалникот.

По кратката дискусија Советот гласаше и со **7 гласа за и 2 гласа против** донесе :

- Одлука за изменување и дополнување (ребаланс) на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година
- Измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година

3 точка: Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;

Оливера Димитровска - раководител на финансии им посочи на советниците дека соодветно на промените кои се направени со ребалансот на Буџетот на Општина Новаци за 2023 г. потребно е да се направи и измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023г.

Советот на Општина Новаци гласаше и со **7 гласа за и 2 гласа против** донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година

4 точка: Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско корисна работа 2023/24 год. за реализација на проектот „Ранливи категории 4“;

Претседателката на Советот Најдовска - Стојковска пред советниците сподели информација за продолжување на соработката со УНДП и реализација на проектот „Ранливи категории 4“ кој е дел од Програмата Општинско-корисна работа. За реализација на проектот Општина Новаци треба да издвои средства од сопствениот буџет во висина од 208 500,00 ден.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа против** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско корисна работа 2023/24 година, за реализација на проектот „Ранливи категории 4“

5 точка: Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финасиски средства за организирање на „Фестивалот на жетвата“ во 2023 година;

По однос на оваа точка, Советот беше информиран од страна на Градоначалникот Стевановски за продолжување на традиционалната манифестација „Фестивал на жетвата 2023“ која во Општина Новаци ќе се одржува по втор пат, а за чија реализација се потребни

финансиски средства од сопсвениот буџет. Имено Градоначалникот Стевановски ги извести советниците дека се предвидуваат средства во висина од 600.000,00 ден. кои во буџетот ќе бидат вратени по пат на донации и спонзорства кои учесниците ќе ги донираат за реализација на истиот.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа против** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за организирање на „Фестивалот на жетвата“ во 2023 година.

6 точка: Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност на Преглед за формирање на чисти паралелки од I до IX одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци за учебната 2023/24 год.;

По кратката дискусија Советот со **9 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност за формирање на чисти паралелки од I до IX одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, за учебната 2023/2024 година

7 точка: Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност на Преглед за формирање на комбинирани паралелки од I до V одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци за учебната 2023/24 год.;

Советот на Општина Новаци гласаше со **9 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност за формирање на комбинирани паралелки од I до V одделениево ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за учебната 2023/2024 година.

8 точка: Разгледување на Список на ученици од ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци кои користат превоз во учебната 2023/24 год.;

Советниците го разгледаа Списокот на ученици кои во учебната 2023/24 год. ќе користат превоз, при што вкупно 72 ученици од помалите населени места ќе бидат превезувани до селата Новаци и Бач каде што се сместени централните основни училишта.

9 точка: Разгледување на Барање за реализација на молеро - фарбарски работи, промена на под и промена на електрично светло во централното ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци и подрачните училишта;

Советничката Сузана Јовановска, воедно вработена во ООУ „Славко Лумбарковски“ им предложи на Советниците да се преформулира “Барањето за реализација .....“ во “Барање за финансиска поддршка за реализација на .....“. Финансиските средства се потребни за реконструкција и подготовка на централните и подрачните основни училишта за почетокот на новата учебна година.

Советот на Општина Новаци го разгледа барањето така што со **9 гласа за** донесе Одлука за финансиска поддршка за реализација на молеро-фарбарски работи, промена на под и промена на електрично светло во ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци.

10 точка: Разгледување и усвојување на Решенија за ликвидно работење на ЈПКД „ Комунална Хигиена“ – Новаци;

Директорот на ЈПКД „Комунална хигиена“- Новаци, Александар Стефановски пред Советниците им ги презентираше трите предлог решенија со кои ќе се овозможи поликвидно и порентабилно работење на претпријатието. По разгледувањето и дискусијата по однос на оваа точка, Советниците одлучија да го прифатат само предлогот бр. 2 кој се однесува на превземање на обврска за поправка и одржување на возилата кои се дадени на користење на ЈПКД ,,Комунална хигиена“- Новаци од страна на Општина Новаци додека првиот и третиот предлог не се прифатија.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа против** донесе Одлука за превземање на обврска за поправка и одржување на возилата кои се дадени на користење на ЈПКД ,,Комунална хигиена“- Новаци.

11 точка: Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 год.;

Директорот Александар Стефановски на Советниците детално им го презентираше Финансискиот извештај за работењето на претпријатието за тромесечниот период од тековната година според кој ЈПКД остварува позитивен финансиски резултат –добивка во износ од 483.007,00 ден.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа** против донесе Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД ,,Комунална хигиена“ Новаци, за периодот од 01.01.2023г. до 31.03.2023 година.

12 точка: Разгледување и давање на согласност на Правилник за основна плата и додатоците на плата на вработените во ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци;

И по однос на оваа точка директорот Александар Стефановски ја објасна потребата од зголемување на платите на вработените во ЈПКД ,,Комунална хигиена“ Новаци, поради што имаше потреба од промена на Правилникот за основна плата и додатоците на плата. Советникот Иван Котевски даде предлог, покачувањето на платата да биде подеднакво за сите вработени во претпријатието.

По дискусијата Советниците го гласаа Правилникот со тоа што советникот Иван Котевски беше иземен од гласањето, затоа што тој е вработен во ЈПКД ,,Комунална хигиена“ Новаци.

Така Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност на Правилник за основна плата и додатоците на плата на вработените во ЈПКД ,,Комунална хигиена“ – Новаци.

13 точка: Разгледување на Барање од ЈОУДГ „Бамби“ за финансиски средства за набавка на огревно дрво за грејна сезона 2023/24 г.;

Советниците го разгледаа Барањето од ЈОУДГ „Бамби“ за потребата на финансиски средства за набавка на огревно дрво, кое поради покачувањето на износот на одгревното дрво ЈОУГД „Бамби“ се соочува со финансиски потешкотии.

Советот на Општина Новаци по разгледувањето на Барањето и кратката дискусија **едногласно** донесе Одлука за доделување на финансиски средства на ЈОУДГ ,,Бамби“- Новаци, за набавка на огревно дрво за грејната сезона 2023/2024 година.

14 точка: Разгледување на Барање од КБК „Самурај“- Битола за финасиски средства за организирање на спортска манифестација „Промоција на кикбокс спортот и боречките вештини “;

Тони Бошевски-претседател на КБК „Самурај“- Битола, пред советниците ја презентираше манифестацијата во организација на КБК „Самурај“ чија реализација ќе биде во Општина Новаци, со цел потикнување на младите за занимавање со спорт кој допринесува во нивно квалитетно растење и развивање , но и афирмација на Општина Новаци како развиена спортска општина која создава услови за развој и поддршка на спортот. Финансиската конструкција за одржување на манифестацијата изнесува 300.000,00 ден.

По излагањето на претседателот, советниците развија дискусија по што Градоначалникот Стевановски даде предлог до советниците дека во овој момент според финансиските можности, општината би можела за овој настан, финансиски да го поддржи во износ од 150.000,00 ден.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за, 1 глас против и 2 гласа воздржан** го прифати предлогот на Градоначалникот и донесе Одлука за доделување на финансиски средства на Кик бокс клуб ,,Самурај“ од Битола.

15 точка: Разгледување и донесување на Одлука за постапување по препораките на Фудбалската Федерација на Македонија за фудбалскиот стадион во с.Новаци;

Претседателот на „ЗФК Новаци 2005“ од Новаци, Пецо Трајчевски го информираше Советот на Општина Новаци за тоа што „ЗФК Новаци 2005“ од Новаци, следната натпреварувачка сезона ќе се натпреварува во Втора македонска фудбалска лига и поради тоа е потребно да се отстранат недостатоците на фудбалскиот стадион во с. Новаци како што е наведено во препораките дадени од страна на Фудбалската Федерација на Македонија. Соодветно на дадените препораки Општина Новаци треба да издвои средства од сопствениот буџет за реализација на реконстуктивните зафати на стадионот.

По дискусијата меѓу советниците по однос на оваа точка Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за постапување по препораките на Фудбалската Федерација на Македонија, за фудбалски стадион во с. Новаци.

16 точка: Разгледување и донесување на Одлука за примање на донации од правни и физички лица за организирње на манифестацијата „Фестивал на жетвата - Новаци 2023 г.“;

Градоначалникот Стефановски ги информираше советниците за покажаниот голем интерес од страна на бројни правни и физички лица за учество на манифестацијата „Фестивал на жетвата 2023“, која по втор пат ќе се организира од страна на Општина Новаци. Поради тоа Советот на Општина Новаци потребно е да донесе одлука со која ќе се овозможи примање на донации и спонзорства од страна на правните и физичките лица кои покажаа интерес за учество во манифестацијата.

Советот на Општина Новаци дискутираше по однос на ова прашање така што со **7 гласа за и 2 гласа против** донесе Одлука за примање на донации од правни и физички лица за организирње на манифестацијата „Фестивал на жетвата - Новаци 2023“

17 точка: Разгледување и донесување Одлука за примање на донација од Градежен институт Македонија, АД Скопје, за изработка на Основен проект за изградба на улица во состав на Индустриската зона Новаци;

Градоначалникот Стевановски ги информираше советниците во врска со намерата на Градежниот институт Македонија да изработи Основен проект за изградба на улица во состав на Индустриската зона во с. Новаци, како проект од јавен интерес во вид на донација. Поради тоа Советот на Општина Новаци потребно е да донесе одлука со која ќе се овозможи негово примање.

Советот на Општина Новаци дискутираше по однос на ова прашање, така што **едногласно** донесе Одлука за примање на донација од Градежен институт Македонија, АД Скопје, за изработка на Основен проект за изградба на улица во состав на Индустриската зона Новаци.

18 точка: Разгледување на Барање од ЗФК „Новаци 2005“ – Новаци за финансиска помош за подмирување на трошоците поради влез во Втора македонска лига;

Пецо Трајчевски претседател на „ЗФК Новаци 2005“ ги информираше советниците за потребната финансиска помош која му е неопходна на фудбалскиот клуб поради влезот во Втората Македонска фудбалска лига, а која е потребна за подмирување на трошоците во врска со стекнување на лиценца, регистрирање на младинци, кадети и пионери како и за уплата на членарини, лекарски уверенија и сл.

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето и со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за доделување на финансиски средства на (ЗФК) Здружението Фудбалски клуб „Новаци 2005“ од Новаци.

19 точка: Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учениците и нивните ментори од ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци и подрачните училишта во Општина Новаци и кои ќе освојат награди на државни и регионални натпревари;

По однос на оваа точка Советниците се согласија учениците и нивните ментори кои учествуваат и освојуваат награди за прво, второ и трето место во државни и регионални напревари да добијат оддредени финансиски средства.

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за учениците и нивните ментори од ООУ ,,Славко Лумбарковски''– Новаци и подрачните училишта во Општина Новаци, кои ќе освојат награди на државни и регионални натпревари

20 точка: Разгледување и донесување на Одлука за давање на користење на фудбалскиот стадион со објектите и спортската сала во с.Новаци, на Здружението Фудбалски клуб ,,Новаци 2005“ од Новаци.

Според препораките на Фудбалската Фудбалска Федерација, ЗФК „Новаци 2005“од Новаци кој во наредната натпреварувачка сезона ќе се натпреварува во Втора Македонска фудбалска лига, има потреба да добие согласност од страна на Општина Новаци за користење на фудбалскиот стадион со помошните објекти како и согласност за користење на спортската сала.

Соодветно на тоа Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за давање на користење на фудбалскиот стадион со објектите и спортската сала во с. Новаци, на Здружението Фудбалски клуб ,,Новаци 2005“ од Новаци.

21 точка: Разгледување на Барање за финансиска помош од Анита Митревска од с. Рапеш;

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Анита Митревска од с. Рапеш, како лице со посебни потреби во висина од 20.000,00 ден.

22 точка: Разгледување на Барање за финансиска помош од Томе Ѓорѓиевски од с. Гнеотино;

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Томе Ѓорѓиевски од с.Гнеотино, како лице со посебни потреби во висина од 20.000,00 ден.

23 точка: Разгледување на Барање за финансиска помош од Николче Кулевски од с.Живојно;

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Николче Кулевски од с.Живојно, како лице со посебни потреби во висина од 20.000,00 ден.

24 точка: Разгледување на Барање за финансиска помош од Јошко Митревски од с.Новаци;

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Јошко Митревски од с.Новаци, како лице со здравствени проблеми во висина од 20.000,00 ден.

25 точка: Разгледување на Барање за финансиска помош од Драгица Тодорческа од с. Добромири;

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Драгица Тодорческа од с.Добромири, како лице со здравствени проблеми во висина од 20.000,00 ден.

26 точка: Разгледување на Барање за финансиска помош од Живко Стојановски од с. Гермијан.

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Живко Стојановски од с. Гермијан., како лице со здравствени проблеми во висина од 10.000,00 ден.

27 точка: Советнички прашања

Бидејќи немаше дополнителни советнички прашања, 30-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска